Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина средина (Сл. Весник на РМ број 53/05 ,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и член 137 од Законот за управување со отпад, (Сл. Весник на РМ број 68/04, 07/07, 102/08, 143/08, 171/08, 124/10, 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) а во врска со член 5 од Планот за вршење на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2018 година број 18-1966/1, министерот за животна средина и просторно планирање донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 18-1966/2
16. 03. 2018 20 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ

**за формирање на Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2018 година**

1. Се формира Комисија за за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2018 година во следниот состав:

-**Тања Пауновска**, раководител на Одделение за соработка со локална самоуправа – Претседател

-**Сали Ајдини**, помлад соработник во Сектор соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи – Член-

-**Авни Реџепи,** помлад соработник во Сектор соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи–Член

-**Александар Петковски**, помошник раководител на сектор за животна средина– Член,

-**Ирена Николовска**, советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето –Член

-**Ќамил Цека,** советник во Сектор за управување со отпад –Член

-**Гоце Ставрев,** помлад соработник во Сектор соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи –Секретар

2. Комисијата е должна во текот на 2018 година да изврши надзор на законитоста на работата на органите на општините и општините во Град Скопје кои се наведени во член 4 од Планот за вршење на законитоста на работата на органите

на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2018 година број ________________________________.

3. Комисијата е должна да ги извести надлежните лица од општините, Град Скопје и општините во Град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

4. Комисијата е должна да подготви извештај за секој извршен надзор на општините и општините во град Скопје и да го објави на веб страната на МЖСПП.

5. Комисијата е должна, за извршениот надзор да го извести министерот за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС.

6. Примерок од ова Решение да се достави до членовите на оваа комисија и архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

7. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина и член 137 од Законот за управување со отпадот, министерот за животна средина и просторно планирање донесе План за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2018 година број ________________.

Врз основа на член 5 од овој план, министерот го донесе ова решение за формирање комисија, како што е наведено во диспозитивот.

Министер,
Sadulla Duraki

Изработил:; Авни Реџепи
Согласен; Тања Пауновска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ *